# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 5
29 април 2025 година

Година LXII


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 303. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат. | 381 |
| 304. | Решение за престанок на мандат. | 381 |
| 305. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат. | 382 |
| 306. | Решение за престанок на мандат. | 382 |
| 307. | Решение за објавување на Решение за Избор на претседател и членови на верификациона комисија на Советот на Општина Штип. | 383 |
| 308. | Решение за Избор на претседател и членови на верификациона комисија на Советот на Општина Штип. | 384 |

| | | |
|---|---|---|
| 309. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот на верификационата комисија за верификација на мандатот на членот на советот на Општина Штип Мирјана Ефремова. | 384 |
| 310. | Заклучок за усвојување на Извештајот на верификационата комисија за верификација на мандатот на членот на советот на Општина Штип Мирјана Ефремова. | 385 |
| 311. | Решение за објавување на Решение за Верификација на мандат на член на советот на Општина Штип. | 386 |
| 312. | Решение за Верификација на мандат на член на советот на Општина Штип. | 386 |
| 313. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца детска градинка „Астибо“ Штип (претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади). | 387 |
| 314. | Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца детска градинка „Астибо“ Штип (претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади). | 387 |
| 315. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца-општинска детска градинка „Вера Цириви Трена“ Штип (претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади). | 388 |
| 316. | Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца-општинска детска градинка „Вера Цириви Трена“ Штип (претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади). | 389 |
| 317. | Решение за објавување на Решение за именување на членови во Управниот одбор на Јавното Претрпијатие „Стипион 2011“ –Штип. | 390 |
| 318. | Решение за именување на членови во Управниот одбор на Јавното Претрпијатие „Стипион 2011“ –Штип. | 390 |
| 319. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 391 |
| 320. | Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 392 |
| 321. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на донација од страна на ТДВИЛПТУ „АЛЕКС 3“ ДООЕЛ за парково уредување на КП 2491/1 КО Штип 2. | 392 |

| | | |
|---|---|---|
| 322. | Одлука за давање согласност на донација од страна на ТДВИЛПТУ „АЛЕКС 3“ ДООЕЛ за парково уредување на КП 2491/1 КО Штип 2. | 393 |
| 323. | Решение за објавување на Програма за заловување и третирање на кучиња скитници на подрачјето на Општина Штип за 2025-2027 година. | 394 |
| 324. | Програма за заловување и третирање на кучиња скитници на подрачјето на Општина Штип за 2025-2027 година. | 395 |
| 325. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А,Б и В од ГУП на град Штип/плански опфат: од север по осовина на река Отиња, од исток по осовина на улица Браќа Миладинови, на југ по осовина на улица Страшо Пинџур се до осовина на улица Љубен Иванов на западната страна. | 406 |
| 326. | Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А,Б и В од ГУП на град Штип/плански опфат: од север по осовина на река Отиња, од исток по осовина на улица Браќа Миладинови, на југ по осовина на улица Страшо Пинџур се до осовина на улица Љубен Иванов на западната страна. | 406 |
| 327. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од урбан четврт СИ 02.07, со намена А, Б, В, Г и Д3 од ГУП на град Штип. | 407 |
| 328. | Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од урбан четврт СИ 02.07, со намена А, Б, В, Г и Д3 од ГУП на град Штип. | 408 |
| 329. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за урбана четврт СЗ 10.01 со намена А, Б, В од ГУП на град Штип,општина Штип/плански опфат:новопроектирана собирна улица 6, Новопроектирана улица Димитар Влахов, река Брегалница и новопроектирана градска Магистрала 1. | 409 |
| 330. | Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за урбана четврт СЗ 10.01 со намена А, Б, В од ГУП на град Штип, Општина Штип/ плански опфат: новопроектирана собирна улица 6, Новопроектирана улица Димитар Влахов, река Брегалница и новопроектирана градска Магистрала 1. | 409 |
| 331. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од четврт СИ | 410 |

| | | |
|---|---|---|
| | 07, Општина Штип/плански опфат: осовина на улица Сремски фронт, осовина на улица Борис Крајгер и граница на наменска зона. | |
| 332. | Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од четврт СИ 07, Општина Штип/плански опфат: осовина на улица Сремски фронт, осовина на улица Борис Крајгер и граница на наменска зона. | 411 |
| 333. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт обединета постапка за измена и дополна на ГУП за град Штип за урбана четврт СЗ.06, ЦЕ 05.01 - дел, ЦЕ 04.01 –дел со детален Урбанистички план за дел од Блок СЗ.06, КО Штип 1, КО Штип 5 општина Штип. | 412 |
| 334. | Одлука за утврдување на нацрт обединета постапка за измена и дополна на ГУП за град Штип за урбана четврт СЗ.06, ЦЕ 05.01 - дел, ЦЕ 04.01 –дел со детален Урбанистички план за дел од Блок СЗ.06, КО Штип 1, КО Штип 5 општина Штип. | 413 |
| 335. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од урбана единица ЦЕ 01.01. Општина Штип/плански опфат булевар партизанска, улица Партизанска-крак и пешачка патека, улица Борис Кидрич, улица Пиринска. | 414 |
| 336. | Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од урбана единица ЦЕ 01.01. Општина Штип/плански опфат булевар партизанска, улица Партизанска-крак и пешачка патека, улица Борис Кидрич, улица Пиринска. | 414 |
| 337. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.6, ГП 5.7 и ГП 5.9 од ДУП за дел од МЗ бр.3, Горно маало, КО Штип 5 Општина Штип. | 415 |
| 338. | Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.6, ГП 5.7 и ГП 5.9 од ДУП за дел од МЗ бр.3, Горно маало, КО Штип 5 Општина Штип. | 416 |
| 339. | Решение за објавување на Програма за дополнување на програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 416 |
| 340. | Програма за дополнување на програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 417 |
| 341. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за дообезбедување на финансиски средства од Општина Штип за реализација | 418 |

| | | |
|---|---|---|
| | на проектот „Ново проектирана собирна улица 3 со мост на река Брегалница (обиколница)-Општина Штип. | |
| 342. | Одлука за одобрување на финансиски средства за дообезбедување на финансиски средства од Општина Штип за реализација на проектот „Ново проектирана собирна улица 3 со мост на река Брегалница (обиколница)-Општина Штип. | 419 |
| 343. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на проектот воспоставување интегрирани административни, социјални и економски услуги за граѓаните во општинскиот ресурсен центар“ во Општина Штип. | 419 |
| 344. | Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на проектот воспоставување интегрирани административни, социјални и економски услуги за граѓаните во општинскиот ресурсен центар“ во Општина Штип. | 420 |
| 345. | Решение за објавување на Одлука за ставање вон сила на Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територија на општина Штип и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територија на Општина Штип. | 421 |
| 346. | Одлука за ставање вон сила на Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територија на општина Штип и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територија на Општина Штип. | 422 |
| 347. | Решение за објавување на Реонизација на јавните основни училишта на територијата на Општина Штип. | 422 |
| 348. | Реонизација на јавните основни училишта на територијата на Општина Штип. | 423 |
| 349. | Решение за објавување на Правилник за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на општина Штип, жители на општина Штип. | 428 |
| 350. | Правилник за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во | 428 |

| | | |
|---|---|---|
| | екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на општина Штип, жители на Општина Штип. | |
| 351. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 436 |
| 352. | Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година. | 436 |
| 353. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на Фондација за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип. | 442 |
| 354. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на Фондација за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип. | 442 |
| 355. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за финансирање и изработка на урбанистички планови за 2024 година. | 443 |
| 356. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за финансирање и изработка на урбанистички планови за 2024 година. | 443 |
| 357. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Штип за 2024 година. | 444 |
| 358. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Штип за 2024 година. | 444 |
| 359. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за напредок на состојбата со еднаквите можности на мажите и жените на Општина Штип за 2024 година. | 445 |
| 360. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за напредок на состојбата со еднаквите можности на мажите и жените на Општина Штип за 2024 година. | 446 |
| 361. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности на Општина Штип од областа на спортот по програмата за спорт за 2024 година. | 446 |
| 362. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности на Општина Штип од областа на спортот по програмата за спорт за 2024 година. | 447 |

| | | |
|---|---|---|
| 363. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2024 година. | 447 |
| 364. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2024 година. | 448 |
| 365. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година со годишен финансиски извештај за работа на центарот во 2024 година. | 448 |
| 366. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година со годишен финансиски извештај за работа на центарот во 2024 година. | 449 |
| 367. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ОУК Дом на млади-Штип за 2024 година. | 450 |
| 368. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ОУК Дом на млади-Штип за 2024 година. | 450 |
| 369. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за состојбата во територијалната противпожарна единица за 2024 година. | 451 |
| 370. | Заклучок за усвојување на Информација за состојбата во територијалната противпожарна единица за 2024 година. | 451 |
| 371. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот за 2024 година. | 452 |
| 372. | Заклучок за усвојување на Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот за 2024 година. | 453 |
| 373. | Решение за објавување на Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот запоставување на некои видови урбана опрема. | 453 |
| 374. | Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот запоставување на некои видови урбана опрема. | 454 |
| 375. | Решение за разрешување од функцијата вршител на должност директор на Јавното претпријатие „Стипион 2011-Штип. | 454 |
| 376. | Решение за избор на директор на Јавното претпријатие за одржување на улици и патиштаи други комунално услужни дејности „Стипион 2011-Штип. | 456 |

303.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

I

Се објавува Решение за престанок на мандат.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3549/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

304.

Врз основа на член 8 став 2 од Изборниот законик (Службен весник на РМ 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 146/19, 42/20, 72/20, 160/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24) член 46 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02 и 202/24), член 21 став1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 13/14 и 5/21) и член 32 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Член 1

На **Христина Серафимовска** избран за член на Советот на Општина Штип од ВМРО-ДПМНЕ со коалиционите партнери му престанува мандатот на член на Советот на Општина Штип, поради неспојливост на функциите согласно член 8 став 2 од Изборниот законик.

Член 2

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 3549/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинова, с.р.

305.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

I

Се објавува Решение за престанок на мандат.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3550/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

306.

Врз основа на член 44 од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на РМ број 12/2019), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) и член 36 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Член 1

На Мирјана Ефремова избран член на Управен одбор на Јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип и престанува мандатот поради оставка сметано од 28 април 2025 година.

Член 2

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 3550 /1 Совет на Општина Штип
29 април 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

307.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА ВЕРИФИКАЦИОНА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решение за Избор на претседател и членови на верификациона комисија на Советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3551/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

308.

Врз основа на член 7 став 2 и 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА
СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

За претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општина Штип, **се избираат**:

1. за претседател

- Весна Ушинова

2. за членови

- Драгица Петрова
- Трајче Стојчевски

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3551/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

309.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ
НА ЧЛЕНОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП МИРЈАНА ЕФРЕМОВА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот на верификационата комисија за верификација на мандатот на членот на советот на Општина Штип Мирјана Ефремова.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3552/2
29 април 2025 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

310.

Врз основа на член 8 и член 9 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОТ НА
СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП МИРЈАНА ЕФРЕМОВА

I

Се усвојува Извештајот на Верификационата комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Штип.

II

Извештајот на Верификационата комисија е составен дел на овој Заклучок.

III

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3552 /1
29 април 2025 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

311.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА
НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решение за Верификација на мандат на член на советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3553/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

312.

Врз основа на член 34 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и 202/24), член 18 и 20 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), член 7 став 1 и член 9 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе.

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Штип:

- Мирјана Ефремова

2. Свечената изјава на членот на Советот е составен дел на ова Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3553/1
29 април 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

313.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ
НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“ ШТИП
(претставник на министерство за социјална политика, демографија и млади)

I

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца детска градинка „Астибо“ Штип (претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3554/2
29 април 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

314.

Врз основа на член 114 став 8, и 18 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ број 23/13, 12/14 , 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на РСМ број 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24 и 17/25) и член 21 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“ ШТИП
(Претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади)

1. Од член на Управниот одбор на Општинската Јавната установа за деца - детска градинка „Астибо“ Штип како претставник на министерството **се разрешува**:

- **Игор Богдановски**

2**.** За нов член на Управниот одбор на Општинската Јавната установа за деца - детска градинка „Астибо“ Штип како претставник на министерството **се именува**:

- **Деспина Соколова**

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 3554 /1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

315.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИ ТРЕНА“ ШТИП
(претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади)

I

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца-општинска детска градинка „Вера Циריви Трена“ Штип (претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3555/2
29 април 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

316.

Врз основа на член 114 став 8, и 18 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ број 23/13, 12/14 , 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на РСМ број 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24 и 17/25) и член 21 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА
УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ ШТИП
(Претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади)

1. Од член на Управниот одбор на Јавната установа за деца - општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип како претставник на министерството **се разрешува**:

- **Саше Ефремов**

2**.** За нов член на Управниот одбор на Јавната установа за деца - општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип како претставник на министерството се именува:

- **Ване Дериволов**

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 3555 /1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

317.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ
ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТРПИЈАТИЕ „СТИПИОН 2011“ ШТИП

I

Се објавува Решение за именување на членови во Управниот одбор на Јавното Претрпијатие „Стипион 2011“ -Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3556/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

318.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ” број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 , 35/19 и„Службен весник на РСМ” број 275/19, 89/20, 274/22 и 208/24) и член 21 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ
ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„СТИПИОН 2011“ ШТИП

1. За членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип“, **се именуваат**:

   - Ѓорги Кукутанов
   - Благородна Соколова
   - Изабела Монева Николова

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 3556 /1 Совет на Општина Штип
29 април 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

319.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3557/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

320.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на:

- Верица Маркова во висина од 3.000,00 денари.
- Сенгул Зејнелова во висина од 3.000,00 денари.
- Ангел Антониев во висина од 3.000,00 денари.
- Светлана Царева во висина од 3.000,00 денари.
- Ацо Тасевски во висина од 3.000,00 денари.
- Аника Велковска Анчева во висина од 3.000,00 денари.
- Коле Величковски во висина од 3.000,00 денари.
- Билјана Стамболиска во висина од 3.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 3557/1
29 април 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

321.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОНАЦИЈА ОД СТРАНА НА ТДВИЛПТУ „АЛЕКС 3" ДООЕЛ ЗА ПАРКОВО УРЕДУВАЊЕ НА КП 2491/1 КО ШТИП 2

I

Се објавува Одлука за давање согласност на донација од страна на ТДВИЛПТУ „АЛЕКС 3“ ДООЕЛ за парково уредување на КП 2491/1 КО Штип 2.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3558/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

322.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 4 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06, 86/08, 51/2011, 28/2014, 153/15) член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип број 01/03,18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) Советот на Општина Штип на седница, одржана на ден 29 април 2025 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОНАЦИЈА
ОД СТРАНА НА ТДВИЛПТУ ,,АЛЕКС 3” ДООЕЛ ЗА
ПАРКОВО УРЕДУВАЊЕ НА КП 2491/1 КО ШТИП 2

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација од страна на ТДВИЛПТУ ,,АЛЕКС 3” ДООЕЛ за парково уредување на КП 2491/1 КО Штип 2, сопственост на РСМ во Штип.

Вкупната вредност на целата донација изнесува 10.000,00 евра (десет илјади евра).

Член 2

Донацијата се однесува на уредување на површина од 300м$^2$ која се состои од детски реквизити – 2, тематски клацкалки, лулашка со две седла, 2 лизгалки, детски нишалки, 4 паркови клупи, 6 канти за отпадоци, пешачка патека од бекатон плочки, жардињери за зеленило, зимзелени и листопадни дрвја, осветлување, оградување со метална ограда и потпорен ѕид.

Член 3

Дарителот на Донацијата од став 1 на овој член, се обврзува, парковото уредување на КП 2491/1 КО Штип 2, предмет на донацијата, да ја изврши во согласност со позитивните законски прописи, преку надлежните сектори/одделенија во Општина Штип и согласно издадени одобренија од надлежните институции.

Донацијата се однесува на комплетно реализирање на член 2, додека обврската за понатамошно одржување би била на Општина Штип.

Член 4

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со доделување на донацијата од член 1, Општина Штип како примател на донацијата, ќе склучи Договор за донација, со дарителот на донацијата од член 1 на оваа одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 3558/1
29 април 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

323.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАЛОВУВАЊЕ И ТРЕТИРАЊЕ НА КУЧИЊА СКИТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025-2027 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за заловување и третирање на кучиња скитници на подрачјето на Општина Штип за 2025-2027 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09- 3559/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

324.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ бр. 01/3, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на ден 29 април 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЗАЛОВУВАЊЕ И ТРЕТИРАЊЕ НА КУЧИЊА СКИТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025-2027 ГОДИНА**

## 1. ВОВЕД

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26, 27, 28, 29 и 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон. Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот; условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето. За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени. Поточно Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци.

Со 75% стерилизирани/кастрирани едники, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

По стерилизација/кастрација сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани.

**2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ**

Општините во Република  Македонија како основни носители на оваа Програма и релевантни субјекти во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, се раководат од следните принципи:

***2.1. Принципи на континуитет*** – Програмата се разгранува на подпрограми, стратегија, се надоврзува на проекти кои се претходно направени, усвоени и применувани во оваа област (или алтернативно кои ќе бидат направени).

***2.2. Универзален принцип*** – Програмата се надоврзува на сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни, неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како напуштање и занемарување, проблеми кои се во голема мерка главен причинител за зголемување на бројот на напуштени животни. Од тие причини е клучно да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

Комуналната инспекциска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. Воедно е неопходно да се изврши измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на општина Штип со кое ќе се уреди:

- Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици;
- Ќе се забрани непречено размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница; и
- Ќе се предвидат санкции за напуштање на миленик.

Општината Штип во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законските обврски на сопствениците на миленици, преку едукативна кампања.

***2.3. Принцип на одржливост*** – Програмата воспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општините, со кој трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него.

***2.4. Принцип на соработка*** – Програмата се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и здруженијата за заштита на животните.

**3. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

***3.1. Цели*** – Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот во општина Штип, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица; и

2) комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање)

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатности и потешки последици за граѓаните и самите животни.

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превентираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните – кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите со каснување опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави. Се воспоставува контрола на терен при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција и други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишство и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучињата од страна на нивните сопственици во

согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување, чиповање и регистрација на сопственици на кучиња, едукација на сопствениците, казнување на неодговорните сопственици).

Изградба на систем за трајна контрола и мониторинг за намалување на бројот на бездомни кучиња, со активно и одговорно учество на сите општествени фактори, особено на здруженијата за заштита на животни.

## 4. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на Општина Штип подразбира:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационар;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болести;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- социјализација на животните;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето;
- повик кампања за домување;
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината.

### 4.1. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот престставува првата процедура која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањете, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги трауматизира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредна околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура. Лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата. Поради евиденција, да се сними како тече заловувањето.Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка

(сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа – успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните. Униформите и возилото се видно обележани.

**4.2. Стационар и медицински третман**

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомните кучиња, каде треба да подложи на клинички преглед, хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити. Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација, дехелминтизација, вакцинација, обележување со ушна маркица или микро чип) за секое животно е на терет на општината.

За да постои центар за привремен престој на животните или прифатилиште, неопходно е овој објект да ги задоволува пропишаните норми во Правилникот за техничките услови за прифатилишта, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназија, начинот за водење евиденција и начинот за вршење надзор, форма и содржина на регистарот и начинот на регистрација, како и информации потребни за регистрација.

Стационарот е објект од тврда градба, лоциран на одредено место во општината, опремен со содветни простории за медицински третман, како и кафези – боксови за сместување на животните.

Заловените животни се транспортираат до стационарот каде се врши клинички преглед, вакцинација и дехелментизација. Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Се напоменува дека со животните можат да работат само ветеринарни лица и стручни лица, лица кои поминале соодветни обуки и припадници од здруженија за заштита на животните. Тие со животните се обврзани да постапуваат грижливо и хумано, задоволувајќи ги стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. За животот на животните може да се оценува само ветеринарно лице. Односот кон животните може да биде предмет на мониторирање од страна на здруженијата за заштита на животните, со цел, при евидентирање на одредени нерегуларности, да се укаже помош за нивни надминување (согласно европските најдобри практики во овој домен). Секое заловено куче здравствено се третира, се врши превентивна здравствена заштита и тест за социјализација , согласно со прописите од областа на ветеринарното, по што истите се вдомуваат или се враќаат во реонот каде биле заловени. Тие треба да бидат трајно обележани со микрочип, а во случај да бездомните кучиња бидат вратени во реонот на заловување и со други видливи

средства за идентификација, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање. Во случај кога се работи за опасно куче се спроведува тест за социјализација за утврдување на агресивноста. Доколку се утврди дека кучето не е агресивно, по спроведување на мерките согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, тоа се нуди за вдомување или се еутанизира во случај кога се исцрпени сите можности за вдомување но не подоцна од 30 дена сметано од денот кога е спроведен тестот за социјализација. Доколу се утврди дека кучето е агресивно, кучето се еутанизира. Постапката се спроведува од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Штип ќе склучи договор. Исто така, секое заловено куче ќе биде испитано на болеста Лајшманиоза. Испитувањето на болеста Лајшманиоза се прави пред да се извршат други превентивни мерки (вакцинација, дехелминтизација и стерилизација). Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, кучето треба повторно да се тестира со молекуларен метод. Бездомните кучиња кои се позитивни на лајшманиоза треба да се еутанизираат веднаш. Постапката ќе биде спроведено од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Штип ќе склучи договор.

**4.3. Стерилизација (оварихистеректомија и орхиектомија)**

Стерилизацијата е најефикасната мерка која, спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил проблемот со напуштените кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат – стерилизираат. По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничко одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменски кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот. Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

**4.4. Посвојување и вдомување**

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените животни. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни

како и заинтересираните граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.

**4.5. Еутаназија**

Еутаназијата е во целост неефикасен метод за контрола и решавање на проблемот со напуштените животни на долгорочно ниво и препорачано од страна на Светската Здравствена Организација може да се спроведе само и исклучиво како хумана еутаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени и кога е невозможно да се елиминира болката. Во тој контекст, а во рамки на оваа програма, еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случај кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување на еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутанизирани животни. Еутанизираните животни се отстрануваат согласно законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 5. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни и старателите на бездомни животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите) како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственииштво, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за „маалските“ бездомни животни;
- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
- Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријават малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

Од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Штип ќе склучи договор е потребно податоците за сите заловени кучиња скитници од 2025-2027 година, како и постапката и третманот за истите, да бидат евидентирани во Информационен систем на Агенција за храна и ветеринарство.

## 6. ПРОЦЕНКА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА КУЧИЊА

Направена е проценка на популацијата на кучиња скитници за 2025-2027 година и истата опафаќа:

- проценетата бројка на кучиња скитници на годишно ниво во урбаниот дел на општината изнесува околу 120 кучиња;
- проценетата бројка на кучиња скитници на годишно ниво во околните населени места изнесува околу 80 кучиња, со најголем процент во селата Три Чешми, Чардаклија, Стар Караорман и во близина на Бања Кежовица.

Заловувањето ќе се врши во урбаниот дел на општината, како и во приградските населени места каде застапеноста на кучиња скитници е најголема. Исто така заловување на кучиња скитници ќе се организира и по пријави на граѓани.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Штип за 2025-2027 година. Потребните средства за реализација на програмата за заловување и третирање на годишно ниво ќе изнесува 2.000.000,00 денари. Потребните средства се предвидени за заловување и третирање на околу 200 кучиња скитници на годишно ниво на територијата на општина Штип, и тоа во урбаниот дел на општината како и во околните подрачја на општината. Плаќањето на изберениот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

## 8. НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за друг вид на надзор од надлежност на општината, врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Штип. Контролата на популацијата (извршител на програмата) ќе биде прифатилиште за кучиња кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство, а истото ќе биде избрано по пат на јавен оглас за јавна набавка согласно законските прописи. Носителот на активностите од оваа програма годишно доставува извештај за реализација на програмата на крајот од годината до Советот на Општина Штип.

## 9. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се спроведува на целата територија на општина Штип (урбан дел и околни подрачја). Динамиката на спроведување ќе се определува

согласно потребите. Проценет број на кучиња за заловување за периодот од 2025-2027 година изнесува околу 200 кучиња на годишно ниво.

**10. НАДЗОР**

Надзор на извршување на програмата врши Одделението за друг вид на надзор од надлежност на општината, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Здруженијата за заштита на животните. Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за друг вид на надзор од надлежност на општината преку Овластен комунален инспектор.

**11. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува од 01.01.2025 година. По усвојување на програмата од страна на Советот на Општина Штип истата се доставува до Агенцијата за храна и ветеринарство. По усвојување на програмата на предлог на носителот на програмата Општина Штип ќе спроведе постапка за избор на економски оператор за собирање и третирање на кучиња скитници.

Број 08 – 3559/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

# АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Штип за периодот од 2025-2027 година**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ:** Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот во општина Штип, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.1 Решавање на проблемот со кучиња скитници** | **1.1.1.** Заловување на животните | **01.01.2025 – 31.12.2025 година**<br>**01.01.2026 – 31.12.2026 година**<br>**01.01.2027 – 31.12.2027 година** | **Заловени околу 200 кучиња на територијата на општина Штип на годишни ниво** | **Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината** | **2.000.000,00 денари на годишно ниво** |
| | | **1.2.1.** Транспорт до стационар | | | | |
| | | **1.3.1.** Прием и преглед од овластен ветеринар | | | | |
| | | **1.4.1.** Лабараториско испитување на животните на одредени болести | | | | |
| | | **1.5.1.** Идентификација и водење евиденција | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.6.1.**Овариохистеректомија и орхиектомија | | | | |
| | | **1.7.1.** Постоперативно сместување, лекување и нега | | | | |
| | | **1.8.1.** Вакцинација и дехелментација | | | | |
| | | **1.9.1.** Социјализација на животните | | | | |
| | | **1.10.1.** Веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето | | | | |
| | | **1.11.1.** Повик кампања за домување | | | | |
| | | **1.12.1.** Повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени | | | | |
| | | **1.13.1.** Еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината | | | | |

325.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЈИ 01.05 СО НАМЕНА А,Б И В ОД ГУП НА ГРАД ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ: ОД СЕВЕР ПО ОСОВИНА НА РЕКА ОТИЊА, ОД ИСТОК ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА БРАЌА МИЛАДИНОВИ, НА ЈУГ ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА СТРАШО ПИНЏУР СЕ ДО ОСОВИНА НА УЛИЦА ЉУБЕН ИВАНОВ НА ЗАПАДНАТА СТРАНА

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А,Б и В од ГУП на град Штип/плански опфат: од север по осовина на река Отиња, од исток по осовина на улица Браќа Миладинови, на југ по осовина на улица Страшо Пинџур се до осовина на улица Љубен Иванов на западната страна.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3560/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

326.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЈИ 01.05 СО НАМЕНА А,Б И В ОД ГУП НА ГРАД ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ: ОД СЕВЕР ПО ОСОВИНА НА РЕКА ОТИЊА, ОД ИСТОК ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА БРАЌА МИЛАДИНОВИ, НА ЈУГ ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА СТРАШО ПИНЏУР СЕ ДО ОСОВИНА НА УЛИЦА ЉУБЕН ИВАНОВ НА ЗАПАДНАТА СТРАНА

Член 1

Се утврдува Нацрт-План на детален урбанистички план дел на дел од урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А,Б и В од ГУП на град Штип/плански опфат: од север по осовина на река Отиња, од исток по осовина на улица Браќа Миладинови, на југ по осовина на улица Страшо Пинџур се до осовина на улица Љубен Иванов на западната со технички број У – 45 /23.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3560 /1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

327.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07, СО НАМЕНА А, Б, В, Г И Д3 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од урбан четврт СИ 02.07, со намена А, Б, В, Г и Д3 од ГУП на град Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3561/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

328.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07, СО НАМЕНА А, Б, В, Г И ДЗ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-План на детален урбанистички план дел на дел од урбан четврт СИ 02.07, со намена А, Б, В, Г и ДЗ од ГУП на град Штип со технички број У – 47 /23.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3561 /1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

329.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СЗ 10.01 СО НАМЕНА А, Б, В ОД ГУП НА ГРАД ШТИП,ОПШТИНА ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ: НОВОПРОЕКТИРАНА СОБИРНА УЛИЦА 6, НОВОПРОЕКТИРАНА УЛИЦА ДИМИТАР ВЛАХОВ, РЕКА БРЕГАЛНИЦА И НОВОПРОЕКТИРАНА ГРАДСКА МАГИСТРАЛА 1

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за урбана четврт СЗ 10.01 со намена А, Б, В од ГУП на град Штип,општина Штип/плански опфат:новопроектирана собирна улица 6,Новопроектирана улица Димитар Влахов, река Брегалница и новопроектирана градска Магистрала 1.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3562/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

330.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СЗ 10.01 СО НАМЕНА А, Б, В ОД ГУП НА ГРАД ШТИП,
ОПШТИНА ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ: НОВОПРОЕКТИРАНА СОБИРНА
УЛИЦА 6, НОВОПРОЕКТИРАНА УЛИЦА ДИМИТАР ВЛАХОВ,
РЕКА БРЕГАЛНИЦА И НОВОПРОЕКТИРАНА ГРАДСКА МАГИСТРАЛА 1

Член 1

Се утврдува Нацрт-План на деталeн урбанистички план дел на дел од урбан четврт СЗ 10.01 со намена А, Б, В од ГУП на град Штип,општина Штип/плански опфат: новопроектирана собирна улица 6, Новопроектирана улица Димитар Влахов, река Брегалница и новопроектирана градска Магистрала 1 со технички број У – 61 /23.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3562 /1
29 април 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

331.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ: ОСОВИНА НА УЛИЦА СРЕМСКИ ФРОНТ, ОСОВИНА НА УЛИЦА БОРИС КРАЈГЕР И ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од четврт СИ 07, Општина Штип/плански опфат: осовина на улица Сремски фронт, осовина на улица Борис Крајгер и граница на наменска зона.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3563/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

332.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ: ОСОВИНА НА УЛИЦА СРЕМСКИ ФРОНТ, ОСОВИНА НА УЛИЦА БОРИС КРАЈГЕР И ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА

Член 1

Се утврдува Нацрт-План на детален урбанистички план дел на дел од четврт СИ 07, општина Штип/плански опфат: осовина на улица Сремски фронт, осовина на улица Борис Крајгер и граница на наменска зона со технички број У – 62 /23.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога

- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3563 /1
29 април 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

333.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП ЗА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ С3.06, ЦЕ 05.01 - ДЕЛ, ЦЕ 04.01 –ДЕЛ СО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.06, КО ШТИП 1, КО ШТИП 5 ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт обединета постапка за измена и дополна на ГУП за град Штип за урбана четврт С3.06, ЦЕ 05.01 - дел, ЦЕ 04.01 – дел со детален Урбанистички план за дел од Блок С3.06, КО Штип 1, КО Штип 5 општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3564/2
29 април 2025 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

334.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНАИ ДОПОЛНА НА ГУП ЗА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ С3.06, ЦЕ 05.01 - ДЕЛ, ЦЕ 04.01 –ДЕЛ СО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.06, КО ШТИП 1, КО ШТИП 5 ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува нацрт обединета постапка за измена и дополна на ГУП за град Штип за урбана четврт С3.06, ЦЕ 05.01 - дел, ЦЕ 04.01 –дел со детален Урбанистички план за дел од Блок С3.06, КО Штип 1, КО Штип 5 општина Штипсо технички број 04 – 73/2024 .

Член 2

Нацрт обединета постапка за измена и дополна на ГУП од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3564/1
29 април 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

335.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01. ОПШТИНА ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКА, УЛИЦА ПАРТИЗАНСКА-КРАК И ПЕШАЧКА ПАТЕКА, УЛИЦА БОРИС КИДРИЧ, УЛИЦА ПИРИНСКА

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план на дел од урбана единица ЦЕ 01.01. Општина Штип/плански опфат булевар партизанска, улица Партизанска-крак и пешачка патека, улица Борис Кидрич, улица Пиринска.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3565/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

336.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01. ОПШТИНА ШТИП/ПЛАНСКИ ОПФАТ БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКА, УЛИЦА ПАРТИЗАНСКА-КРАК И ПЕШАЧКА ПАТЕКА, УЛИЦА БОРИС КИДРИЧ, УЛИЦА ПИРИНСКА

Член 1

Се утврдува нацрт детален урбанистички план на дел од урбана единица ЦЕ 01.01. Општина Штип/плански опфат булевар партизанска, улица Партизанска-крак и пешачка патека, улица Борис Кидрич, улица Пиринска со технички број У – 52 /24.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3565 /1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

337.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.6, ГП 5.7 И ГП 5.9 ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ БР.3, ГОРНО МААЛО, КО ШТИП 5 ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.6, ГП 5.7 и ГП 5.9 од ДУП за дел од МЗ бр.3, Горно маало, КО Штип 5 Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3566/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

338.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип (Слижбен гласник на Општина Штип бр: 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч ОК
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.6, ГП 5.7 И ГП 5.9 ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ БР.3, ГОРНО МААЛО,КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.6, ГП 5.7 и ГП 5.9 од ДУП за дел од МЗ бр.3, Горно Маало ,КО Штип 5, Општина Штип

II

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“

Број 08 – 3566 /1 Совет на Општина Штип
29 април 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

339.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3567/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

340.

Врз основа на член 40 од Законот  урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од  Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година,  донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И
ИЗРАБОТКА НА  УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 17/24), во делот **3. Програмски задачи**, во точка **3.2. Програмски задачи финансирани од заинтересирани инвеститори**, се врши дополнување со две (2) нови алинеи кои гласат:

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЈИ 01.10, КО ШТИП 4, ОПШТИНА ШТИП

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП ЗА БЛОК СИ 02 И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 02.04, ОПШТИНА ШТИП

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3567/1
29 април 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

341.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ДООБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „НОВО ПРОЕКТИРАНА СОБИРНА УЛИЦА 3 СО МОСТ НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА (ОБИКОЛНИЦА)-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за дообезбедување на финансиски средства од Општина Штип за реализација на проектот „Ново проектирана собирна улица 3 со мост на река Брегалница (обиколница)-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3568/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

342.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ДООБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „НОВОПРОЕКТИРАНА СОБИРНА УЛИЦА 3 СО МОСТ НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА (ОБИКОЛНИЦА) – ОПШТИНА ШТИП “

Член 1

Општина Штип одобрува износ од 607.134,00 МКД без ДДВ за дообезбедување на финансиски средства од општина Штип за реализација на проектот„ Новопроектирана собирна улица 3 со мост на река Брегалница (обиколница) – Општина Штип “.

Член 2

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3568 /1
29 април 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

343.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНТЕГРИРАНИ АДМИНИСТРАТИВНИ, СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО ОПШТИНСКИОТ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР“ ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на проектот воспоставување интегрирани административни, социјални и економски услуги за граѓаните во општинскиот ресурсен центар“ во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3569/2
29 април 2025 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

344.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНТЕГРИРАНИ АДМИНИСТРАТИВНИ, СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО ОПШТИНСКИОТ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР“ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализација на проектот „Воспоставување интегрирани административни, социјални и економски услуги за граѓаните во општинскиот ресурсен центар“ во општина Штип со финансиско учество во износ од 3.000.000,00 МКД.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука **од буџетот на општина Штип за 2025 година** ќе се уплатат на посебна сметка на Програмата за развој на Обединетите нации (во натамошниот текст „УНДП“), помошен орган на Обединетите нации, меѓународна организација основана со меѓународен договор, претставена од неговиот постојан претставник, со канцеларии при УНДП Скопје, за „Воспоставување интегрирани административни, социјални и економски услуги за граѓаните во општинскиот ресурсен центар“ во општина Штип.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3569/1 Совет на Општина Штип
29 април 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

345.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА СТАВАЊЕ ВОН СИЛА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДЕЦА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ШТИП И ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДЕЦА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за ставање вон сила на Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територија на општина Штип и Правилникот за измена и допилнување на Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територија на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3570/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

346.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА СТАВАЊЕ ВОН СИЛА НА ПРАВИЛНИК ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДЕЦА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ШТИП И ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДЕЦА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територија на општина Штип број 08-2611/1 од 27 април 2018 година и Правилникот за измена и дополнување на правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територија на општина Штип број 08-2676/1 од 12 април 2023 година се ставаат вон сила.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3570 /1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

347.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕОНИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Реонизација на јавните основни училишта на територијата на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3571/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

348.

Врз основа на член 46 став 5 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ“ број 161/19, 76/20, 229/20, 3/25, 74/25), и член 22 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл Весник на РМ“ број 05/02 и 202/24) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип “ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година донесе:

Р Е О Н И З А Ц И Ј А
НА ЈАВНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

На територијата на општина Штип, се предлага да се утврдат 13 реони на општинските основни училишта во кои се запишуваат деца во прво одделение со цел за сеопфатно и задолжително образование и тоа:

**1. РЕОН НА ООУ ВАНЧО ПРКЕ**

**1.1. Реон на ООУ Ванчо Прке - Штип - матична зграда**

Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат :

-Населбите и урбаните заедници на левата страна на река Отиња, на потегот од месностите: Криваклија, Суитлак, Пчеларник, Кулите, сé до мостот на црквата Св. Никола;

-Од десната страна на реката Отиња ги опфаќа: сите улици во реонот Исар, до мостот на реката Брегалница на улицата „Гоце Делчев“, потоа од почетните броеви на ул. „Партизанска“ и тоа од 1 до 31 непарни броеви и од 2 до 52 парни броеви, сé до крстосницата на Дујле, со ул.„29 Ноември“, ул.„Тодор Чучков“, ул.„Никола Чаулев“, ул. „9 Мај“; ул.„Сане Георѓиев“, ул.„Борис Кидрич“;

Од крстосницата Дујле (заклучно со ул.„Партизанска“ бр.52) во правец на ул. „Лисец“ до вкрстосување со ул.„Иво Лола Рибар“, продолжува по ул.„Иво Лола Рибар“ во правец кон ООУ „Гоце Делчев“ до крстосницата со ул.„Пиринска“ односно ул. „Иво Лола Рибар“ која влегува со броевите (од 2-84 и од 1 до 115);

-ул.„Кирил и Методиј“, ул.„Ванчо Прке“ (до последната зграда на ул.„Ванчо Прке“ – згради Кубус позади трговскиот центар во правец на судскиот мост);

-Десната страна на река Отиња, „Кеј Маршал Тито“ во правец кон нас.Леваци, стариот градски пазар со ул. „Христијан Карпош“ (освен почетните броеви на потегот од хотел Гарни до крај на црвените кули кои влегуваат во ООУ„Гоце Делчев“) ул. „Коле Неделковски“, ул.„АСНОМ“ (куќи со парни до бр. 80 и непарни до бр.51), ул.„Кукуш“, ул.„Фирус Демир“, ул.„Киро Аџиарсов“, ул.„Боро Милевски“ (населбата Леваци-целосно);

**Во реонизацијата е направена измена која се однесува на улицата Черења (поранешен „Радански Пат“ при што еден дел од улицата кој порано припаѓаше на реонот на ООУ „Гоце Делчев“ со оваа измена се додадава на реонот на ООУ „Ванчо Прке“ поточно од 114 до 142 – парни и од 115 до 141 непарни броеви.**

**1.2.Реон на ООУ Ванчо Прке- Штип - Подрачно училиште во Ново Село**
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во нас. Ново Село од левата и десната страна на река Отиња се до мостот пред црквата „Св. Никола“ и целиот реон на Бања Кежовица со улиците:

**1.3. Реон на ООУ Ванчо Прке - Штип, Подрачно училиште во с. Селце**
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во селата: Селце, Софилари, Пенуш и Драгоево).

**1.4.Реон на ООУ Ванчо Прке - Штип подрачно училиште во с. Лакавицца** (Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во селата: Лакавица, Лесковица, Пиперово, Брест, Шопур, Танатарци, Горачино, Љуботен, Балталија, Степанци, Пухче и Суво Грло).

**2. РЕОН ООУ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ – ШТИП**

**2.1.** Овој реон ги опфаќа учениците што живеат :

-На потегот од трафиките, од хотелот „Гарни“ до Поликлиничкиот центар на д-р Златко Стојменов, односно ул. „Вера Циривири“, дел од ул. „Христијан Карпош“ од бр.1 до бр.25 односно потегот од ЈЗУ Здравствен дом „д-р.Панче Караѓозов“, продавницата ГТМ, црвените кули, зградата на Боем продолжува нагоре и се поврзува со ул.„Еврејска“ (цела);

-Од студио „Диор“ со ул „Стојан Рибата“, „Славчо Стојменски“, „Трст“,ул.„Еврејска“, ул.„ Питу Гули“, ул. „11 Октомври“,и ул.„Сремска“;

-Зад Трговскиот центар во правец на ул. „Пиринска“ каде се вкрстува со ул.„Иво Лола Рибар“ која влегува со парните броеви од 86 до 136, непарни броеви од 117 до 177. Реонот продолжува во правецот кон Териториjалната противпожарна единица, во кој влегува останатиот дел од ул. „Пиринска“ (освен кракот кој припаѓа на реонот на ООУ„Тошо Арсов“) до вкрстосување со ул. „Сутјеска“ (на позиции кај кафаните „Јастра“ и „Сутјеска-Тиле“)**,** во правец на

Градскиот пазар;

- Реонот продолжува од крстосницата со ул. „Панче Караѓозов“ (која влегува со почетните парни броеви до 38 и непарни броеви до 35) во правец на ул. „Браќа Даневи“ (која влегува цела) и продолжува до вкрстосување со ул. „Солидарност“ со парни броеви од 2 до 70, и непарни броеви од 1 до 13 (згради), продолжува во правец на пинг понг салата до крстосницата на ул. „5 Конгрес“ која влегува со непарни броеви до вкрстосување со ул. „Панче Караѓозов“ и ул. „Широк дол“ (цела);

-ул. „Черења“ ( поранешна ул.„Радански пат“), со парни броеви од 2 до 112 и непарни броеви од 1 до 113, прави лак преку поранешна ул. „Косовска“ сега ул.„ Али Асанов“ (од почетните броеви до број 220) до вкрстувањето со ул. „Коле Крупишки“ и ул.„ Киро Колешников“ (сите делови од поранешна ул.„ Косовска“) и продолжува кон задниот дел на Бања Черења (големите броеви од поранешна ул.„Косовска“ припаѓаат на ООУ„Димитар Влахов“) во правец и вкрстување со ул.„Асном“ за понатаму да продолжи во правец на ул. „Киро Кусакатски“ (исто дел од поранешна Косовска) и го заокружува со вкрстувањето на ул. „Цар Самоил“ (долниот крај) со ул. „Питу Гули“ .

Во реонот влегуваат и следниве улици: „Солунска“ (цела), „Митко Соколовски“ (цела), „Григор Прличев“, “4 Јули“ (цела), „Благој Мучето“ (цела), „Вардарска“ (цела), “Добре Радосављев“, „19 Бригада“ (цела), „Карл Маркс“ (до бр.56), „15 Корпус“ (цела), „Киро Ристов“ (цела).

**2.2. Реон на ООУ Гоце Делчев - Штип Подрачно училиште нас. Три Чешми** (Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во нас. Три Чешми (ул. „Ваташка“, „Крагујевачка“, „Сплитска“), селата; Криви дол, Варсаково, Сарчиево, Сушево, Добрашани и Тестемелци).

**2.3.Реон на ООУ Гоце Делчев - Штип - Подрачно училиште во с. Шашаварлија** (овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во с. шашаварлија и с. Никоман).

## 3. РЕОН ООУ ДИМИТАР ВЛАХОВ - ШТИП

Овој реон ги опфаќа учениците што живеат на:

**3.1.** Ул.„ Черења“ (поранешна Радански пат) која ги опфаќа броевите парни над 144 и непарни над 143, продолжува во правец на потегот каде се вкрстува ул. „Али Асанов“ (поранешна „Косовска“), која влегува во реонот на ова училиште со големи броеви над 220 и продолжува со ул. „Киро Кукушев“ (цела) и ул.АСНОМ со броевите над 80 (позиција каде се разграничуваат реоните на ООУ„Димитар Влахов“, ООУ„Гоце Делчев“ и ООУ„ Ванчо Прке“). Понатаму во реонот влегуваат и куќите на потегот кон црквата Св Недела и дел од ул „Панче Караѓозов“ поточно непарни броеви над 35 и парни над 40; улица Панко Брашнаров (цела), ул.„Димитар Двојаковски“ (цела); ул.„Коле Златев“ (цела); и Шашаварлиски пат

Населба Дузлак (цела) со улиците: „Драги Крупишки“, „Скопска“, „Загребачка“, „Кратовска“, „Белградска“, „Радовишка“, „Виничка“, „Кочанска“, „Светиниколска“, „Леринска“, „Егејска“, „Кривопаланечка“ и „Струмичка“, месноста Дузлачки рид со улиците: ул.„8 Април“, ул.„Кирчо Димитров“, ул. „Серска“, ул.„Зрново“; ул.„Драмска“, ул.„Неврокопска“, ул.„Пожарска“, ул.„Пустец“ и населбата Сончев Град со ул.„Македонски Бранители.“

Дел од улица „Солидарност“- конкретно-парни броеви од 72 заклучно со 82. Од крстосницата под црквата „Св.Климент Охридски“ меѓу ул.„Солидарност“ и ул. „Сремски Фронт“, реонот продолжува нагоре на потегот кон нас. Сењак од каде ул.„ Сремски фронт“ влегува со непарни броеви од број 7 до крај и парни броеви од број 14 до крај;

Ул.„Цвета Јованова“(цела), ул.„5 Конгрес“ (парни броеви) , ул.„5 Партиска Конференција“ (цела) , ул.„Никоманска“ (цела), ул. „Плачковички одреди“ (цела).

Улиците „Нобелова“, „Товарник“ и ул. „Кајгана“, ул. „Борис Крајгер“, ул. „Џемал Бједиќ“ и другите улици во непосредната близина на училиштето-ул. „Ванчо Икономов“, „11 март“, „Митрашинска“, „Дуго Село“ и „Воденска“ (цели);

Реонот на ООУ„Димитар Влахов“ со ООУ„Тошо Арсов“ се разграничува на потегот под Спортската сала „ Јордан Мијалков“ на ул.„ Борис Крајгер“ кој продолжува во правец кон ул.„Анте Банина“ со броевите од 1 до 14, ул.„Сајбие Демир“ (која влегува со парни броеви) и ул.„ Митко Недев“ од бр.1 до бр.14 и ја опфаќа ул. „Ѓорѓи Петров“(цела).

**РЕОН ООУ СЛАВЕЈКО АРСОВ - ШТИП**

Овој Реон ги опфаќа учениците што живеат во нас. Баби, во целост, која се граничи со населбите Сењак и Дузлак.

Во реонот на ова училиште спаѓаат улиците: „АнтонПанов“, 6 Април“,„Беровска“, „Богомилска“ ,Влатко Петров“, „Делчевска“, „Јајце“, „Јаким Арсовски“, „Крушевска Република“, „Кирил Пејчиновиќ“, „Крсто Митев“, „11 Конгрес“, „Лески“, „Мара Минанева“, „8 Март“ , „Никола Коперник“, „Никола Вапцаров“, „Пробиштипска“, „Руен“, „Ратко Јовановиќ“, „Михајло Пупин“ и „Марко Цепенков“.

**5. РЕОН ООУ ТОШО АРСОВ - ШТИП**

**5.1. Реон на ООУ Тошо Арсов - Штип - матична зграда**

Овој Реон ги опфаќа учениците што живеат:

-цела населба „8 Ноември“;

-ул. „Партизанска“ со непарни броеви од 33 до крајот и парни броеви од 54;

-Потегот од кружниот тек „Дујле“ по ул. „Партизанска“, го орфаќа кракот што го прави со ул.„Пиринска“ кој започнува од кружниот тек и продолжува кон зградата на Територијалната противпожарна единица, опфаќајќи ги новите згради над трговскиот центар и околу бензинската пумпа на Макпетрол како и зградите кај влезот на Електродистрибуција со бр. од 75 до бр.83 понатаму кон кружниот тек на вкрстувањето на ул. „Сремски Фронт“, ул.„ Пиринска“ и ул.„ Сутјеска“.

-Продолжува по ул.„Сремски фронт“ со непарни броеви од 1 до 5 и парни броеви од 2 до 12, односно зградите меѓу ул.„Сремски Фронт ул.„Солидарност“ и ул„Браќа Даневи“) до вкрстувањето со ул. „Солидарност“ која ги опфаќа парните броеви од 84 до крај и непарните броеви од 15 до крајот на оваа улица, продолжувајќи кон ул. „7 Конгрес“ (цела) па сé до вкрстувањето со ул.„Партизанска“.

Реонот продолжува со дел од населбата Сењак 4, од новиот кружен тек на ул.„Партизанска“, по улицата „Борис Крајгер“ нагоре, ја сече улицата под спортската сала „Јордан Мијалков“ и продолжува по ул. „Сајбие Демир“ (која влегува со почетните непарни броеви, односно згради со бр.1,2 и 3) продолжува и се вкрстува со ул.„ Анте Банина“ (од бр. 16) и со ул.„Митко Недев“(од бр.16) ул. „Ванчо Китанов“ (цела) сé до вкрстувањето со ул.„Партизанска“ ;

Улица „Сутјеска“ од бр. 45 и непарни броеви од 43 околу магацинот на „Југококта“ до крајот, односно до вкрстосувањето со ул. „Партизанска“ во правец кон Диспанзерот;

Населба Пребег цела.

**5.2.Реон на ООУ Тошо Аросов - Штип - Подрачно училиште нас. Македонка**
(Овој реон ги опфаќа учениците што живеат во нас. Македонка, Нас. Балканска и Нас. Железничка).

**5.3 Реон на ООУ Тошо Арсов - Штип - подрачно ичилиште с. Чардаклија**
( Овој реон ги опфаќа учениците што живеат во с.Чардаклија.

**5.4 Реон ООУ Тошо Арсов - Штип - Подрачно училиште с. Почивало**
( Овој реон ги опфаќа учениците што живеат во с. Почивало).

Број 08 – 3571 /1
29 април 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова

349.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ЕКИПНИ СПОРТОВИ КОИ УЧАТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Правилник за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на општина Штип, жители на општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3572/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

350.

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ број 5/02 и 202/24), член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ЕКИПНИ СПОРТОВИ КОИ УЧАТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со овој правилник се одредуваат условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии утврдени во Буџетот на Општина Штип за редовни/вонредни ученици-спортисти во индивидуални спортови и редовни/вонредни ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Штип, жители на Општина Штип, како и правата и обврските на примателите на стипендии.

Со Правилникот за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за редовни/вонредни ученици спортисти во индивидуални спортови и редовни/вонредни ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Штип, жители на Општина Штип (во понатамошниот текст Правилник) се уредуваат видот и бројот на стипендии што ги доделува Општина Штип, објавувањето на конкурсот за доделување стипендии, начинот на пријавување на кандидатите за стипендии, условите за добивање на стипендии и други прашања поврзани со доделувањето на стипендии.

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Штип за тековната година.

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

Член 2

За доделување на сите видови стипендии за спортисти одлучува 5 члена Комисија за доделување стипендии за редовни/вонредни ученици - спортисти во индивидуални спортови и редовни/вонредни ученици - спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средни училишта на подрачјето на Општина Штип, со Решение донесено од страна на Градоначалникот на Општина Штип (во понатамошниот текст Комисија).

Комисијата треба да биде составена од еден Претседател и четири членови и тоа: еден административен службеник од Општина Штип (задолжен за прашања од областа на спортот), двајца советници од Советот на Општина Штип, еден истакнат спортист од Општина Штип и еден новинар од Општина Штип.

Комисијата од ставот 1 има задача:

- да ја спроведе постапката;
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување на пријавите на оние апликанти кои ги исполнуваат критериумите.

Доделувањето на сите видови на стипендии уредени подолу е исклучиво право на Општината, кое зависи од можностите на Општината.

Стипендиите можат да бидат само целосни.

Член 3

Општина Штип ќе додели пет категории на стипендии:

1. Стипендија за освоени од 91 до 100 бодови во износ од 7.000 денари месечно, во времетраење од 12 месеци;
2. Стипендија за освоени од 81 до 90 бодови во износ од 6.000 денари месечно, во времетраење од 12 месеци;
3. Стипендија за освоени од 71 до 80 бодови во износ од 5.000 денари месечно, во времетраење од 12 месеци;
4. Стипендија за освоени од 61 до 70 бодови во износ од 4.000 денари месечно, во времетраење од 12 месеци;
5. Стипендија за освоени 60 бодови во износ од 3.000 денари месечно, во времетраење од 12 месеци.

**ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ**

Член 4

Постапката за доделување на стипендии за редовни/вонредни ученици - спортисти во индивидуални спортови и редовни/вонредни ученици - спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средни училишта на подрачјето на Општина Штип, ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Општина Штип.

Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општина Штип (www.stip.gov.mk) и во електронски медиуми.

Јавниот повик ќе трае од денот на неговото објавување, но не помалку од 10 денови.

Јавниот повик за апликации за спортска стипендија содржи:

- Назив и адреса на Органот кој го распишува;
- Видови на спортски стипендии и нивната висина;
- Критериуми и услови за стекнување на спортска стипендија;
- Потребни докази за исполнување на услови за стекнување со спортски стипендии;
- Начинот на пријавување на Јавниот повик;
- Времетраење на Јавен повик.

Член 5

Потребната документација за апликација за спортски стипендии се доставува до архивата на Општина Штип, со назнака: До Комисија за доделување стипендии за редовни/вонредни ученици - спортисти во индивидуални спортови и редовни/вонредни ученици - спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средни училишта на подрачјето на Општина Штип, бројот и видот на Јавниот повик.

Апликацијата и целокупната документација се доставува во 1 (еден) оригинален примерок која откако ќе биде прегледана, ќе му биде вратена на апликантот.

Член 6

Со пријавата за стипендирање, апликантите се должни да ги приложат следните документи:

• копија од лична карта на родител/старател;
• копија од извод од матична книга на родени на апликантот;
• потврда од основното/средното училишта дека е редовен/вонреден ученик на училиштето во тековната учебна година;
• копија од свидетелството за претходната учебна година;
• кратка биографија на апликантот;
• потврда од клубот дека е член на истиот;
• потврда од матичната национална федерација дека е член репрезентативец во својата генерација;
• потврда од матичната национална федерација за постигнатите спортски резултати од претходната година;
• доказ за жителство во Општина Штип;
• копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на барателот, не ополномоштена од трето лице, а доколку барателот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на барателот ополномоштена од родител/старател).

Член 7

По завршување на јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите апликации без присуство на заинтересираните спортисти.

За текот на одржаниот состанок се води Записник.

Во Записникот, Комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни, и ги исполнуваат критериумите од Правилникот.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите согласно член 11 и член 12, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за доделување на финансиски средства на апликантите.

Пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите согласно член 11 и член 12, Комисијата ги отфрла со Заклучок.

Некомплетните и ненавремено доставените апликации Комисијата нема да ги разгледува и за истото писмено ќе го извести апликантот.

Член 8

Доколку има повеќе кандидати со ист број бодови, комисијата го задржува правото да побара и дополнителна потребна документација.

Во случај на ист број на бодови, предност ќе има апликантот кој има освоено повеќе бодови за успехот во образованието (просек на оцените во свидетелството за претходната учебна година).

Доколку се пријават помал број на апликанти во индивидуални односно екипни спортови комисијата го задржува правото да додели повеќе стипендии за ученици – спортисти во индивидуални спортови, односно ученици спортисти во екипни спортови.

**НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ**

Член 9

Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со Правилникот ќе обезбедат најмалку 50 бодови.

Предлогот за доделување на стипендии го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

Член 10

Градоначалникот на Општина Штип по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на стипендии.

По доделувањето на стипендијата се склучува договор за стипендирање, со што се утврдуваат правата и обврските на корисникот и давателот на стипендијата.

Комисијата ги известува подносителите чии пријави се прифатени.

Комисијата ги известува и подносителите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11 и член 12.

**ОПШТИ КРИТЕРИУМИ**

Член 11

Право на доделување на стипендија имаат државјани на Република Северна Македонија, кои имаат статус на редовен/вонреден ученик во основните и средни училишта на подрачјето на Општина Штип, жители на Општина Штип со следниве услови:

**1**. Да се жители на општина Штип;

**2**. Да се редовни/вонредни ученици во основните и средни училишта на подрачјето на Општина Штип,

**3**. Да имаат постигнато високи спортски резултати во екипни и индивидуални спортови во претходната година, и тоа: освоени медали на светски, европски и балкански првенства во олимписки и неолимписки спортови, освоени медали на светски и европски купови во олимписки спортови, освоени домашни првенства или државни купови, како и постигнато истакнати лични индивидуални резултати на репрезентативно ниво и поставување на државни рекорди на официјални натпревари.

**БОДОВНИ КРИТЕРИУМИ**

Член 12

Стипендиите се доделуваат врз основа на следните бодовни критериуми:

Успех во образованието:

| | **Критериум за постигнат успех во образованието** | **Максимален број бодови е 30** |
|---|---|---|
| | | **Можни бодови** |
| **а)** | За постигнат одличен успех со 5.00 | 30 |

| | | |
|---|---|---|
| **б)** | За постигнат одличен успех | 25 |
| **в)** | За постигнат многу добар успех | 20 |
| **г)** | За постигнат добар успех | 15 |
| **д)** | За постигнат доволен успех | 10 |

Остварени резултати на спортистки и спортисти, класифицирани во следниве точки:

| | **Критериум за постигнати спортски резултати** | **Максимален број бодови е 70** |
|---|---|---|
| | | **Можни бодови** |
| **А)** | Постигнати спортски резултати на светски и европски првенства во олимписки спортови | 70 |
| **Б)** | Постигнати спортски резултати на светски и европски првенства во неолимписки спортови | 60 |
| **В)** | Постигнати спортски резултати на балкански/регионални првенства | 50 |
| **Г)** | Постигнати спортски резултати на државно првенство или државен куп | 40 |
| **Д)** | Постигнати лични индивидуални спортски резултати и поставување на државни рекорди | 35 |
| | **Максимален број бодови за освојување по сите критериуми е 100** | |

Бодовните критериуми за постигнат успех во образованието на апликантите се утврдени на следниот начин:
а)за одличен успех со 5.00 .......................................................................30 бодови
б)за одличен успех ...................................................................................25 бодови
в)за многу добар успех ............................................................................20 бодови
г)за добар успех ........................................................................................15 бодови
д)за доволен успех ...................................................................................10 бодови

Бодовните критериуми за остварените спортски резултати на апликантите се утврдени и класифицирани на следниот начин:

А) **70 Бодови** за постигнати спортски резултати на олимписки, светски и европски првенства во олимписки спортови:
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат учествувано на олимписки првенства;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат учествувано на олимписки првенства;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на светски првенства каде што учествувале најмалку 30 земји и во поединечна категорија се

натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку две победи, и освоен пласман до 8-мо место на истите;

- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на светски првенства и освоен пласман до 8-мо место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на европски првенства каде што учествувале најмалку 15 земји и во поединечна категорија се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку две победи, и освоен пласман до 5-то место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на европски првенства и освоен пласман до 5-то место на истите.

Б) **60 Бодови** за постигнати спортски резултати на светски и европски првенства во неолимписки спортови:

- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на светски првенства каде што учествувале најмалку 30 земји и во поединечна категорија се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку три победи, и освоен пласман до 8-мо место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на светски првенства и освоен пласман до 8-мо место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на европски првенства каде што учествувале најмалку 15 земји и во поединечна категорија се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку три победи, и освоен пласман до 5-то место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на европски првенства и освоен пласман до 5-то место на истите.

В) **50 Бодови** за постигнати резултати на балкански/регионални првенства:

- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на балкански/регионални првенства;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на балкански/регионални првенства;

Г) **40 Бодови** за постигнати резултати на државно првенство или државен куп, и резултати на светски и европски купови во олимписки спортови:

- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални и екипни спортови кои со својот клуб го освоиле домашното првенство или купот на Република Северна Македонија.

Д) **35 Бодови** за постигнати лични индивидуални спортски резултати и поставување на државни рекорди:

- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални и екипни спортови кои со својот клуб не го освоиле домашното првенство или купот на Република Северна Македонија, но постигнале истакнати лични индивидуални резултати.
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти кои на други официјални натпревари поставиле државни рекорди.

**ОБЈАВУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ**

Член 13

Резултатите за кандидатите кои оствариле право на стипендија ќе бидат објавени на огласна табла во Општина Штип и на ВЕБ страницата на Општина Штип и истите ќе бидат писмено известени за добивање на правото на стипендија.

**НАЧИН НА ИСПЛАТА НА СТИПЕНДИЈА**

Член 14

Стипендијата се исплатува за 12 (дванаесет) месеци во годината.

Стипендијата се исплатува на трансакциска сметка на корисникот на стипендија.

Член 15

Корисникот на стипендија го губи правото на стипендија ако:

- не ја заврши годината на школување,
- не запише година на школување,
- ја заврши годината на школување со успех помал од тој при аплицирањето,
- двапати во текот на една учебна година му биде изречена педагошка мерка.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 16

Овој правилник стапува на сила со наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 –3572 /1
29 април 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

351.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3573/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

352.

Врз основа на член 80-а став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), а во врска со член 50 став 6 од Законот за локалната самоправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година ја донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година (Службен гласник на Општина Штип број 01/25) и Програмата за измена и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година ( Службен гласник на Општина Штип број 02/25)

**Член 2**

Во програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година во глава III Видови урбана опрема точка 16: Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци во став 2 после зборот автобуски постојки од сите типови се додава зборот паркови.

**Член 3**

Во програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година после глава IV Дејности кои можат да се вршат во објекти на урбана опрема се додава нова глава V со назив:

**Поставување на урбана опрема на пешачка зона на дел од улица „Ванчо Прке“**

Под овој вид на урбана опрема се подразбира поставување на урбана опрема на пешачка зона на дел од улица „Ванчо Прке“ заради вршење на угостителска дејност како и за вршење на трговска дејност.

Минималната површина потребна за поставување на урбана опрема за вршење на угостителска дејност е поставување на маси со столови во ширина на деловниот објект паралено со зидот на објектот а при поставувањето на урбаната опрема во должина потребно е последниот ред на маси и столови да биде одалечен на 1,5 метра од поставената атмосферска решетка.

За заштита од временски услови на поставената урбана опрема заради вршење на угостителска дејност дозволена е заштита на истата со тенда , а странично истите можат да бидат оградени со лесно демонтажен материјал во висина од 1,3 метри.

Под тенда се подразбира типски монтажен елемент со роло механизам, покриен со меки материјали конзолно поставени на чело на објектот за заштита од сонце или атмосферски влијанија која е слободноносечка без потпирачи на јавната површина.

Под лесно демонтажен материјал се подразбира граничници изработени од алуминиумски профили застаклени со безбоен лексан или плексикглас и истите се лесно прицврстени за јавната површина.

Минималната потребна површина за поставување на урбана опрема заради вршење на трговска дејност е поставување на урбана опрема во широчина на делонвниот објект каде се врши трговска дејност паралелно со зидот на објектот, а во долнжина на објектот најмногу до 1 метар.

На пешачката зона на дел од улицата „Ванчо Прке“ може да се поставуват по должина на целата пешачка зона светлечки рекламни паноа - витрини. При поставувањето на светлечките рекламните паноа- витрини не смее да се попречува слобониот проток на пешаци и истите треба да бидат најмалку 1,5

метри одалечени од атмосферската решетка на пешачката зона во делот поблиску до самите објекти.

На пешачката зона помеѓу двете атмосферски решетки ( централно ) не е дозволено поставување на било каков вид на урбана опрема, односно истиот простор е слободен заради слободен проток на пешаци.

На пешачката зона не е дозволено поставување на урбана опрема заради продажба на семки, пуканки балони и слично.

**Член 4**

Во програмата за поставување урбана опрема глава V Рекапитулација на урбана опрема според намената и површината станува глава VI со исти наслов.

**Член 5**

Во програмата за поставување урбана опрема глава VI Рекапитулација на урбана опрема според намената и површината после точка 3 се додава нова точка 4 која гласи:

**Рекапитулација на поставена урбана опрема.**

| **Диспозиција на урбана опрема на угостителски о бјекти** | | | |
|---|---|---|---|
| Р. Бр. | КП | КО | Адреса |
| 1. | 6781 | Штип 5 | ул.„Кирил и Методи “ бр.2/локал 8 Штип |
| 2. | 6782 | Штип 5 | ул.„Кирил Методи“ бр.18 Штип |
| 3. | 7515/1 | Штип 5 | ул.„Кеј Маршал Тито“ бр.22 Штип |
| 4. | 6774/1 | Штип 5 | Ул. „Ванчо Прќе“ бр.123 /6 Штип |
| 5 | 7514 | Штип 5 | ул.„Кузман Јосифовски“ бр.4 лок 2 |
| 6. | 7515 | Штип5 | ул. „Маршал Тито“ бр.21 |
| 7. | 6774/1 | Штип 5 | ул.„Ванчо Прке“ бб |
| 8. | 6771 | Штип 5 | Ул„Ванчо Прќе“ бр.Д-2/19 Штип |
| 9. | 6774/1 | Штип 5 | ул„Ванчо Прќе“ бр.125/10 Штип |
| 10 | 6773/1 | Штип 5 | ул Кеј „Маршал Тито“гтц бр.6 Штип |
| 11 | 4454/1, 4454/3,4454/4 | Штип 3 | ул.„Партизанска“ бр.52-А-локал1Штип |
| 12 | 7514 | Штип 5 | Ул.„Кузман Јосифовски“ бр.3 Штип |
| 13. | 6774/1 | Штип 5 | ул „Маршал Тито“ бб Штип |
| 14. | 8420/2 | Штип 4 | ул.„Генерал Михаило Апостолски“ бр.17 Штип |
| 15. | 7515/1 | Штип 5 | ул “Тошо Арсов“ бр.23 Штип |
| 16. | 7505/1 | Штип 5 | ул „Кирил и Методи“ бр.1Штип |
| 17. | 4413/2 | Штип 3 | ул “Булевар ЈНА “ бр.2 Штип |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | 4237/2 | Штип3 | Ул. Сутјеска бр 48А |
| 19. | 2682/1 | Штип 2 | ул „Џемал Бједиќ “ бр.20 Штип |
| 20. | 8352/1 | Штип4 | Ул.Васил Главинов бр.16 |
| 21. | 3068/1 | Штип 3 | ул „Сремски фронт “бр.32/2 Штип |
| 22. | 6774/1 | Штип 5 | ул „Ванчо Прке“ бр.123 /локал 3А Штип |
| 23. | 6774/1 | Штип 5 | ул „ Ванчо Прќе“ бр.123-локал 4 Штип |
| 24. | 8430/1 | Штип 4 | ул.Генерал Михаило Апостолски “бр.23 Штип |
| 25. | 2720/1 | Штип2 | ул Борис Крајгер бр.1 Штип |
| 26. | 4464/1 | Штип 5 | ул. „Борис Кидриќ “ бр.0 /26Штип |
| 27. | 6944 | Штип 5 | ул.„Иво Лола Рибар “ бр.58/1 Штип |
| 28. | 3068/1 | Штип 3 | ул.“Сремски фронт“ бр.30АШтип |
| 29. | 7011/2 | Штип 5 | ул.„Кирил и Методи“ бр.21 Штип |
| 30. | 8011 | Штип 5 | ул „Вељко Влаховиќ“ бр.2Штип |
| 31. | 7515/1 | Штип 5 | ул.„Тошо Арсов“ бр.14 Штип |
| 32. | 7515/1 | Штип 5 | ул „Тошо Арсов“ бр.14 Штип |
| 33. | 8352 | Штип 4 | ул “Генерал Михаило Апостолски “ бр.21, Штип |
| 34. | 7515/1 | Штип 5 | ул„Ванчо Прќе“ бр. 12 штип |
| 35. | 7515/1 | Штип 5 | ул.“Тошо Арсов“ бр.55, локал 3 Штип |
| 36. | 6966/1 | Штип 5 | ул „Иво Лола Рибар“ бр.52 Штип |
| 37. | 832/3 | Штип 1 | долно шеталиште покрај река Брегалница |
| 38. | 832/3 | Штип 1 | долно шеталиште покрај река Брегалница |
| 39. | 8580/1, | Штип 6 | УлСуитлак бр.1Б Штип |
| 40. | 7505/1 | Штип 5 | ул Ванчо Прќе –пешач.зона |
| 41. | 7505/1 | Штип 5 | ул Ванчо Прќе –пешач.зона |
| **Диспозиција на урбана опрема за вршење на дејност трговија** | | | |
| Ред.број | КП | КО | Адреса |
| 1. | 2720/1 | Штип 2 | ул.„Сремски фронт“ бр.29 локал 5 и локал 6 Штип |
| 2. | 4794/1 | Штип 5 | ул Борис Крајгер“ бр.6б Штип |
| 3 | 7505 | Штип 5 | ул Ванчо Прќе 6б Штип |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | 6796 | Штип 5 | ул  Ванчо Прќе “ бр. 74 Штип |
| 5. | 7505/1 | Штип 5 | ул.„Ванчо Прќе“ бб Штип |
| 6. | 6463 | Штип 5 | ул. „Христијан Карпош“ бр.43Штип |
| 7. | 3902<br>2720/1 | Штип 3<br>Штип 2 | ул. „БорисКрајгер“ бр.12 Штип |
| 8. | 7505/1 | Штип 5 | ул.„Ванчо Прќе “ бр. 26 Штип |
| 9. | 7505/1 | Штип 5 | ул.„Ванчо Прке“ бр.16 Штип |
| 10. | 7514 | Штип 5 | ул“Кеј Маршал Тито“ бр.19 Штип |
| 11. | 7515/1 | Штип 5 | ул.„Тошо Арсов“ бр.бб Штип |
| 12. | 7505/1 | Штип 5 | ул Ванчо Прке пешач. зона |
| **Диспозиција на урбана опрема  настрешници** | | | |
| **Ред.број** | **КП** | **КО** | **Адреса** |
| 1. | 2091/1 | Штип 2 | ул. Лески бб Штип |
| 2. | 4404/1 | Штип 3 | ул.„Булевар  ЈНА“ бр.7 Штип |
| 3. | 6781 | Штип 5 | ул „Кирил и Методи“ бр. 5/Д Штип |
| 4. | 5204 | Штип 3 | Градски пазар Штип |
| 5. | 5204 | Штип 3 | Градски пазар Штип |
| 6. | 1359 | Штип 1 | Ул.Слободан Јовановски бб Штип |
| 7. | 1699/1 | Штип 2 | ул. Партизанска  бб |
| 8. | 4031/1 | Штип 3 | ул.Сутјеска 71 |
| **Диспозиција на урбана опрема за  детски игралишта** | | | |
| **Ред.број** | **КП** | **КО** | |
| 1 | 8598,8309,9735,10358 | Штип 4 | |
| 2 | 8598 | Штип 4 | |
| 3. | 566 | КО Три Чешми | |
| 4. | 8620 | Штип 4 | |
| 5. | 8598 | Штип 4 | |
| 6 | 1251 | КО Караорман | |
| 7. | 3056 | Штип 3 | |
| 8. | 7515/1 | Штип5 | |
| 9 | 4454 | Штип 3 | |
| 10. | 10239/1 | Штип4 | |

| Диспозиција на опрема за спортско рекреативнио активности | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.број** | **КП** | **КО** | |
| 1. | 8598,8309,10258,10363,9735 | Штип 5 | |
| 2 | 5091/1 | Штип 3 | |
| 3. | 8598 | Штип 4 | |
| 4. | 8598,8309,9735,10358 | Штип 4 | |
| **Диспозиција на урбана опрема во паркови** | | | |
| **Ред. број** | **КО** | **КП** | |
| 1. | 4409 | Штип 3 | |
| 2. | 2585 | Штип 2 | |
| 3. | 8816,8825, дел од 8823,8824,8822/1 и дел од 8819 | Штип 5 | |
| 4. | 8598,8309,10258,10363,9735 | Штип 5 | |
| **Диспозиција на патеки памп трак патеки, пешачки и велосипедски патеки** | | | |
| **Ред. број** | **КП** | **КО** | |
| 1. | 4404/1 и 4401 | Штип3 | |
| 2. | 4409 | Штип3 | |
| 3. | 2232 и 2224/1 | Штип 2 | |
| **Диспозиција на монтажно демонтажен јавен градски паркинг** | | | |
| **Ред.** | **КП** | **КО** | |
| 1. | 7005 | Штип 5 | |
| 2. | 7515/1 | Штип 5 | |
| 3. | 6898,6884 и дел 4794/1 | Штип 5 | |
| **Диспозиција на клупи, корпи за отпадоци канделабрии фонтани** | | | |
| **Ред. број** | **КП** | **КО** | |
| 1 | 6803 | Штип 5 | |
| 2. | 10239/1 | Штип 4 | |
| 3. | 8598,8309,10358,10363,9735 | Штип 5 | |
| 4. | 7515/1 | Штип 5 | |
| **Диспозиција на урбана опрема за мал пазар** | | | |
| **Ред. број** | **КП** | **КО** | |
| 1. | 2074 | Штип 2 | |

Во табелата се дадени

Број 08 – 3573/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

353.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ФОНДАЦИЈА ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И СОЛИДАРЕН ФОНД-ШТИП

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на Фондација за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3574/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

354.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ФОНДАЦИЈА ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И СОЛИДАРЕН ФОНД-ШТИП

I

Се усвојува Годишен извештај за работа на Фондација за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 –3574 /1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

355.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за финансирање и изработка на урбанистички планови за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3575/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

356.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештај за реализација на Програма за финансирање и изработка на урбанистички планови за 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3575 /1
29 април 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

357.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Штип за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3576/2
29 април 2025 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

358.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештај за реализација на програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Штип за 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3576/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

359.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН
ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОК НА СОСТОЈБАТА СО ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ
НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за напредок на состојбата со еднаквите можности на мажите и жените на Општина Штип за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3577/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

360.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОК НА СОСТОЈБАТА СО ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишен извештај за напредок на состојбата со еднаквите можности на мажите и жените на општина Штип за 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3577/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

361.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ПО ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности на Општина Штип од областа на спортот по програмата за спорт за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3578/2
29 април 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

362.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ПО ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишен извештај за реализираните активности на Општина Штип од областа на спортот по програмата за спорт за 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3578/1
29 април 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

363.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026 ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3579/2 — Општина Штип
29 април 2025 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

364.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ
НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
2021-2026 ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишен извештај за спроведување на програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 –3579 /1 — Совет на Општина Штип
29 април 2025 година — Претседател,

Ш т и п — Весна Кожинкова, с.р.

365.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2024 ГОДИНА СО ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЦЕНТАРОТ ВО 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година со годишен финансиски извештај за работа на центарот во 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3580/2 Општина Штип
29 април 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

366.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2024 ГОДИНА СО ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЦЕНТАРОТ ВО 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишен извештај за работењето на центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година со годишен финансиски извештај за работа на центарот во 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3580/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

367.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ОУК „ДОМ НА МЛАДИ“-ШТИП ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ОУК Дом на млади-Штип за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3581/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

368.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02) и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА НА
ОУК „ДОМ НА МЛАДИ“ ШТИП
ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишна сметка на ОУК „Дом на млади“ Штип за 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 –3581 /1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

369.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА
ЗА СОСТОЈБАТА ВО ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА
ЕДИНИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Информација за состојбата во територијалната противпожарна единица за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3582/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

370.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за состојбата во територијалната противпожарна единица за 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3582/1
29 април 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

371.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3583/2
29 април 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

372.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за извршување на надлежностите на градоначалникот за 2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 3583/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

373.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НЕКОИ ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА

I

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот запоставување на некои видови урбана опрема.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 3584/2
29 април 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

374.

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и 202/24), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 април2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НЕКОИ ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА

Член 1

Во членот 2 алинеа 1 од Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на некои видови урбана опрема (типски објекти), (Службен гласник на општина Штип број 2/23 и 14/24) се менува и гласи:

Висината на надоместокот за поствување на урбаната опрема (типски објекти) се наплаќа месечно и тоа:

-Висината на надоместокот за објект поставен од заинтересиран субјект изнесува **месечно** по 600,00 денари $м^2$;

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 3584/1
29 април 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

375.

Врз основа на член 19-а од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ број: 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/19; и Службен весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24 ) и член 50 став 1, точка 16 Законотза локална самоуправа (Службен весник на РСМ

бр.05/02), член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТИПИОН 2011“ ШТИП

1. **Се разрешува Панче Стефановски** од функцијата вршител на должноста - директор на Јавното претпријатие „СТИПИОН 2011“ Штип, сметано од 10 април 2025 година поради избор на директор на претпријатието.
2. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 10.04.2025 година.
3. Ова решение ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

О б р а з л о ж е н и е

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) е утврдено дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен оглас.

Согласно член 19-а и член 23 од од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ број: 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/19; и Службен весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24)градоначалникот на Општина Штип распиша јавен конкурс за именување на директор на Јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално услужни дејности „Стипион 2011“ Штип број 09-2624/2 од 26.03.2025 година. Конкурсот беше објавен во дневните пачати: „Вечер пресс“, „Слободен печат “ и „Коха“ на 28 март 2025 година.

Во утврдениот рок на распишаниот оглас се пријави кандидатот Панче Стефановски од Штип кој согласно записникот од спроведената постапка број 09-2624/5 од 07.04.2025 година ги исполнува условите за директор и со решение на градоначалникот број 09-2624/6 од 08.04.2025 година е избран за директор на претпријатието.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поведе спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на приемот.

Број 09- 2624/7
08.04.2025 година

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

376.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и 202/25) 19-а Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ број: 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/19; и Службен весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24 ) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), градоначалникот на Општина Штип донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За избор на директор на јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално услужни дејности „Стипион 2011“- Штип

1. За директор на Јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално услужни дејности „Стипион 2011“ Штип **се именува Панче Стефановски од Штип,** сметано од **10 април 2025 година**.

2. Директорот **Панче Стефановски** се избира со мандат од 4 години.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

О б р а з л о ж е н и е

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02,202/24) е утврдено дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен оглас.

Согласно член 19-а и член 23 од од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ број: 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/19; и Службен весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24 ) градоначалникот на Општина Штип распиша јавен конкурс за именување на директор на Јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално услужни дејности „Стипион 2011“ Штип -број 09-2624/2 од 26.03.2025 година. Конкурсот беше објавен во дневните пачати: „Слободен печат“„Вечер пресс“,“ и „Коха“ на 28.03. 2025 година.

Во утврдениот рок на распишаниот конкурс се пријави еден кандидат. По разгледување на пристигнатата документација, Комисијата избрана за прегледување на пристигнатите документи по јавниот конкурс , изврши прегледување на пристигнатата документација и до градоначалникот на

Општина Штип достави записник од спроведената постапка број 09-2624/5 од 07.04.2025 година.

Согласно записникот на комисијата на конкурсот се пријавил само кандидатот Панче Стефановски од Штип кој ги има приложено сите документи согласно конкурсот и ги исполнува условите за именување на директор предвидени во Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ број: 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/19; и Службен весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24 .

Согласно член 23 став 2 од истиот закон директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.

Имајки го предвид напред наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поведе спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на приемот.

Број 09 -2624/6
08 04.2025 година

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.